# ОГЛАС ЗА ПРЕВОЗ И СМЕСТУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ И ПРИДРУЖНИ ЛИЦА ВО ГЕРМАНИЈА

за потребите на Здружението Среќен Живот, Тетово за имплементација на проектот Практична обука за градинарство под програмата на ЕРЗМУС+ КА1 Мобилност за учење и индивидуи

**ОБЈАВЕН**: 25.12.2019

**КРАЕН РОК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДА**: 31.12.2019

## 1. ВОВЕД

Здружението Среќен Живот" Тетово е невладина и непрофитна организација формирана во декември 2001. Во својата долгогодишна работа организацијата работи на промовирање на ментално здравје на деца, млади и жени, промовирање на мултикултурно разбирање, почит толеранција и комуникација меѓу припадниците на различни етнички групи; организирање и спроведување на семинари, работилници, панел дискусии, како и други едукативни активности поврзани со секојдневните и специфичните потреби на целните групи. Работи со млади од средните стручни училишта повеќе години во спроведување на активности од културата WHYH UNESCO, обуки за кариерно советување и психо-социјално советување.

Мисија

Визионерски пристап за зајакнување на демократските вредности во мултиетничка држава, подобар живот за сите граѓани и постигнување на мултиетнички соживот во мир и разбирање за сите луѓе во Република Македонија. Промовирање на менталното здравје на деца, млади и жени и нивна социјализација и вклучување во секојдневниот живот.

### 1.1. Проект - Практична обука за градинарство

Од страна на Националната агенција за Европски образовни програми и мобилност, во рамките на Програмата Еразмус +, Клучна акција 1: Мобилности за учење на индивидуи одобрен е грант под број 2019-1-MK01-KA102-060102 за Проектот „Практична обука за Градинарство - PTG (Practical training for gardening)". Основната цел на проектот Практична обука за градинарство е стекнување на стручно знаење и вештини кај учениците во стручното образование за градинарство. Обуката ќе ги подобри можностите за вработување и самовработување, но ќе ги зголеми и вештините за организирање на целокупните активности поврзани со работата на земјоделските стопанства. Имплементатор-координатор на проектот е Здружението Среќен Живот од Тетово.

Одобрени се дваесет и четири (24) мобилности за учениците од 3 земјоделски училишта во Република Северна Македонија за обука во Германија во траење од две недели.

Главна цел на овој проект е стекнување на знаења и вештини за Градинарство како можност за вработување и самовработување, како и стекнување на вештини за организирање на целокупните активности поврзани со работењето на едно земјоделско стопанство.

Со оваа мобилност учениците ќе имаат можност да се запознаат и со културата, обичаите и традицијата на градот и земјата домаќин.

Обуката ќе овозможи учениците и наставниците да се стекнат со практични знаења и вештини со кои ќе можат да:

- комуницираат, споделуваат и интерпретираат податоци, размислувања, нарачки, факти, барања, но и да користат различни видови на документација и стручен вокабулар;
- комуницираат на странски јазик (англиски и германски) - ќе ја подобрат употребата на странски јазик во специфичен социјален и културен контекст поврзан со работата и областа на стручната терминологија;
- користат математичко-техничка и научна компетентност во решавањето на задачите за време на секојдневната работа, примена на нумеричко размислување и знаење при вршење работи;
- користат алатки за дигиталната компетентност за подготовка и извршување на работните задачи и ја пополнува документацијата во електронска форма;
- обработуваат и усвојуваат нови знаење и вештини за личен напредок и напредок во работата;
- да покажат толеранција, да изразуваат и разбираат различни ставови, да покажат флексибилност и прилагодливост за состојби во развој;
- ги препознаат можностите и предизвиците за подобрување на градинарското производство ;
- го препознаат и почитуваат креативното изразување идеи, искуства и емоции.

За да може да се спроведат проектните активности и да се постигнат резултатите Здружението Срекен Живот објавува **Оглас за превоз и сместување на 24 ученици и 3 придружни лица во Германија, Лајпциг**.

## 2. ПРЕВОЗ

2.1. Активности кои се треба да се исполнат за реализација на проектот поврзани со превоз се:

2.2. Да обезбеди превоз за 24 ученика и 3 придружни лица од Св. Николе, Куманово и Прилеп до Лајпциг Германија и назад за реализација на проектот „Практична обука за градинарство - PTG (Practical training for gardening)“.

2.3. За време на превозот да се обезбеди освежување за учениците и придружните лица до стигнувањето во Лајпциг, Германија и обратно.

2.4. Да обезбеди патничко и здравствено осигурување за учесниците во мобилноста.

**3. СМЕСТУВАЊЕ**

Активности кои треба да се исполнат за реализација на проектот поврзани со сместување се:

3.1 Сместување и храна на 24 ученици и 3 придружни лица вкупно 27 лица во Лајпциг Германија:

А) Сместување за 15 ноќевања за учениците и придружните лица;

Б) Обезбедување на 3 оброци за на ден за времетраење на престојот во Лајпциг, односно 15 дена за 27 лица.

**4. УСЛОВИ**

4.1. Начин на докажување на способноста

4.1.1. Со понудата економскиот оператор задолжително треба да достави придружна документација со која ќе ги докаже :

- личната состојба,
- способноста за вршење професионална дејност,

4.2. Лична состојба

4.2.1. Здружението нема да ги земе во предвид секој економски оператор:

- на кој во последните 5 години му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- кој е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација;
- кој има неплатени даноци, придонеси и други јавни давачки, освен ако на економскиот оператор му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;
- на кој му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;
- на кој му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- кому му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност и
- кој дава лажни податоци или не ги доставува податоците што ги барал договорниот орган.

4.2.2. За докажување на својата лична состојба, економскиот оператор ги доставува следниве документи:

- изјава на економскиот оператор дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;

- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган; потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган; потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран; потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;

- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

4.3. Способност за вршење на професионална дејност

4.3.1. За да ја докаже способноста за вршење на професионална дејност, економскиот оператор треба да достави документ за регистрирана дејност, како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

4.4. Техничка и професионална способност

4.4.1. Економскиот оператор да поседува или да има директна соработка со правен субјект кој поседува А лиценца за вршење на туристичка дејност издадена од Министерството за економија и

4.4.2. Да има искуство во реализацијата на вакви проекти.

## 5. ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

5.1. Содржина на понудата

5.1.1. Понудата треба да биде подготвена од следниве елементи

- листа на цени и рокови на испорака;
- документи за утврдување на личната состојба;
- документ за утврдување на способноста за вршење на професионална дејност;
- докази за утврдување на техничката способност;
- изјава за сериозност на понудата;

- изјава за независна понуда и
- договор за групна понуда [само за група на економски оператори].

5.1.2. Економскиот оператор понудата ја изготвува и доставува во печатена верзија. Доколку на понудата која не ги содржи сите елементи согласно огласот ќе биде отфрлена како неприфатлива.

5.1.3. Критериуми

Економскиот оператор треба да ги исполнува следните критериуми:

- Минимум 5 екскурзии со ученици;
- Предходно искуство во реализација на Еразмус проекти ќе се смета како предност.
- Искуство во организирање на конференции, семинари и работилници со учество на ученици во РС Македонија и надвор;
- Релеватно искуство со организирање на настани со деца и млади;
- Минимум 3 препораки за реализирани активности со позитивно мислење;
- Економска оправданост на трошоците.

При изборот предност ќе имаат економски оператори со искуство во реализација на Еразмус+ проекти.

Економскиот оператор да го прифати начинот на плаќање 80% пред почетокот на имплементацијата и 20% до крајот на 2020 година.

5.2. Јазик на понудата

5.2.1. Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата се доставува на македонски јазик.

5.3. Цена на понудата

5.3.1. Економскиот оператор во листата на цени и рокови на испорака ја внесува цената за секој дел поединечно, заедно со рокот на испорака;

5.3.2. Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на економскиот оператор, да биде искажана без данок на додадена вредност кој се искажува посебно.

5.4. Валута на понудата

Цената на понудата се изразува во денари

5.5. Период на важност на понудата

5.5.1. Периодот на важност на понудата ќе изнесува 90 дена од денот на јавното отворање за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Доколку денот на отворањето на понудата е неработен, периодот на важноста на понудата се смета од

наредниот работен ден. Понудите кои содржат покус период на важност од оној утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи;

5.5.2. Доколку договорниот орган процени за потребно може да побара од понудувачот продолжување на периодот на важност на понудата;

5.5.3. Понудите ќе се разгледуваат за секоја ставка поединечно (превоз и сместување);

5.5.4. Доколку понудата не одговара на потребите, договорниот орган го задржува правото да преговара за обезбедување на адекватна понуда.

5.6. Изјава за сериозност на понудата

5.6.1. Во прилог на понудата, понудувачот доставува и потпишана изјава за сериозност на понудата. Доколку дојде до прекршување на дадената изјава за сериозност на понудата, истото ќе резултира со исклучување од натамошната постапка.

5.6.2. За објавувањето на негативната референца договорниот орган ќе одлучи со одлуката за избор или за поништување на постапката, а истата ќе биде објавена во рок од 3 (три) работни дена од денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

5.7. Краен рок и место за поднесување на понудите

5.7.1. Еконимскиот оператор може да поднесе понуда за двете ставки (превоз и сместување), или само за една ставка.

5.7.2. Краен рок за доставување на понудите е 31.12.2019 година

5.7.3. Понудите се поднесуваат до Здружение Среќен Живот ул. „Маршал Тито“ бр:168/14 Тетово, РС Македонија

5.7.4. Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите нема да биде примена.